| **Број на копродукции** | **0** | **3** | **7** | **5** | **3** | **2** | **6** | **6** | **8** | **6** | **8** | **10** |
| Малцински | 0 | 3 | 4 | 4 | 0 | 0 | 5 | 3 | 5 | 4 | 6 | 5 |
| Мнозински | 0 | 0 | 3 | 1 | 3 | 2 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 5 |
| 100% национални филмови | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **Документарни** | **1** | **7** | **4** | **7** | **1** | **4** | **4** | **7** | **4** | **4** | **10** | **8** |
| **Број на копродукции** | **0** | **2** | **1** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** | **2** | **1** | **0** | **1** |
| Малцински | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Мнозински | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 100% национални филмови | 1 | 5 | 3 | 6 | 1 | 3 | 3 | 7 | 2 | 3 | 10 | 7 |
| **Краткометражни играни** | **1** | **2** | **4** | **8** | **4** | **5** | **1** | **5** | **11** | **13** | **12** | **9** |
| **Број на копродукции** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** | **1** | **1** | **0** | **2** | **0** | **1** |
| Малцински | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Мнозински | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 100% национални филмови | 1 | 2 | 3 | 8 | 3 | 4 | 0 | 4 | 11 | 11 | 12 | 8 |
| **Краткометражни анимирани** | **0** | **1** | **1** | **0** | **3** | **2** | **0** | **2** | **1** | **0** | **3** | **2** |
| **Број на копродукции** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Малцински | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Мнозински | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 100% национални филмови | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 3 | 2 |
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Вкупно завршени** | **2** | **13** | **16** | **21** | **11** | **13** | **12** | **21** | **24** | **24** | **34** | **29** |

The table below breaks down the number of released films per year for the past three years

| Year of Release | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Feature films** | 0 | 3 | 7 | 6 | 3 | 2 | 7 | 7 | 8 | 7 | 9 | 10 |
| **Number of co-productions** | **0** | **3** | **7** | **5** | **3** | **2** | **6** | **6** | **8** | **6** | **8** | **10** |
| Minority | 0 | 3 | 4 | 4 | 0 | 0 | 5 | 3 | 5 | 4 | 6 | 5 |
| Majority | 0 | 0 | 3 | 1 | 3 | 2 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 5 |
| 100% National films | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **Documentary films** | 1 | 7 | 4 | 7 | 1 | 4 | 4 | 7 | 4 | 4 | 10 | 8 |
| **Number of co-productions** | **0** | **2** | **1** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** | **2** | **1** | **0** | **1** |
| Minority | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Majority | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 100% National films | 1 | 5 | 3 | 6 | 1 | 3 | 3 | 7 | 2 | 3 | 10 | 7 |
| **Short films** | 1 | 2 | 4 | 8 | 4 | 5 | 1 | 5 | 11 | 13 | 12 | 9 |
| **Number of co-productions** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** | **1** | **1** | **0** | **2** | **0** | **1** |
| Minority | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Majority | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 100% National films | 1 | 2 | 3 | 8 | 3 | 4 | 0 | 4 | 11 | 11 | 12 | 8 |
| **Short animated films** | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 3 | 2 |
| **Number of co-productions** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Minority | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Majority | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 100% National films | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 3 | 2 |
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Total** | **2** | **13** | **16** | **21** | **11** | **13** | **12** | **21** | **24** | **24** | **34** | **29** |

Според податоците со кои располага Агенцијата за филм, во период од 2008 година, (откако е формирана НУ Филмски фонд, а подоцна трансформирана во Агенција за филм, во согласност со Законот за филмска дејност) реализирани се вкупно 220 филмови во сите категории, од 319 вкупно поддржани (период од 2008 до 2019 година).

Следејќи ја реализацијата на филмските проекти, во последните три години може да се забележи раст на бројот на  реализирани филмови и тоа:

- во периодот од 2008, заклучно со 2017 година (период од девет години), реализирани се  вкупно 133 филмови во сите категории - просечно на годишно ниво се реализирале по 14 филмови

- во период од 2017 до 2019 година (период од три години), вкупно 87 филмови во сите категории - на годишно ниво просечно се реализирале по 29 филмови.

***Вкупен број на реализирани филмови по години***



According to the data available to the Agency, a total of 220 films were produced in all categories, out of a total of 319 supported in the period 2008-2019, i.e. after the Macedonian Film Fund was established and later transformed into the North Macedonia Film Agency, in accordance with the Law on Film Activity.

Following the realization of the film projects, we can observe an increase in the number of realized films in the last three years:

- from 2008 to 2017 (9-year period), a total of 133 films were produced in all categories, with 14 films produced on average per year
- from 2017 to 2019 (3-year period), a total of 87 films were produced in all categories, with 29 films produced on average per year.

***Total number of films produced per year***



# 4

ПРИКАЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ФЕСТИВАЛИ НА МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛНИ ФИЛМОВИ, МНОЗИНСКИ И МАЛЦИНСКИ КОПРОДУКЦИИ ПОДДРЖАНИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ И ОСВОЕНИ

## НАГРАДИ

ВО 2019 ГОДИНА

INTERNATIONAL FILM FESTIVAL SCREENINGS AND

## AWARDS

GIVEN TO MACEDONIAN NATIONAL FILMS, MAJORITY AND MINORITY CO-PRODUCTIONS SUPPORTED BY THE NORTH MACEDONIA FILM AGENCY IN 2019

## Прикажување на меѓународни  фестивали на македонски национални филмови, мнозински и малцински копродукции поддржани од страна на Агенцијата за филм и освоени награди во 2019 година

Годината 2019 може да се одбележи како година во која македонскиот филм има навистина маркантен успех, особено во делот на мнозинските копродукции и документарниот филм.

Следејќи го учеството на македонските филмови на меѓународни фестивали, може да се каже дека ова е една повеќе од исклучително успешна година, со приближно 200 учества на меѓународните филмски фестивали ширум светот и со повеќе од 60 награди.

Во овој дел неизбежно е да се спомене значителниот успех на „Медена земја“ во режија на Тамара Котевска и на Љубомир Стефанов, кој на светската премиера на Меѓународниот филмски фестивал Санденс освои дури три награди, прикажан на повеќе од 55 етаблирани филмски фестивали ширум светот и добитник на повеќе од 27 награди, филм номиниран во категоријата „Европски документарен филм“ на Европските филмски награди и македонски кандидат за Оскар.

„Господ постои, нејзиното име е Петрунија“ на Теона Стругар-Митевска, својата светска премиера ја имаше на Берлинскиот филмски фестивал во официјалната селекција. Досега е дистрибуиран во 28 земји ширум светот и прикажан на 74 филмски фестивали, со 23 освоени награди. Филмот е добитник и на престижната награда на Европскиот парламент- ЛУКС (LUX PRIZE).

Нашата млада режисерка Елеонора Венинова имаше проекција на својот краткометражен филм „Знакот“ на 51. издание на престижната програма Directors’ Fortnights (Quinzaine des Réalisateurs) што се одржува за време на Канскиот филмски фестивал. Краткометражниот филм на Елеонора беше еден од петте филмови од регионот реализирани во рамките на проектот SEE Factory, кој е овозможен од Агенцијата за филм и од регионалните филмски фондови (Босна и Херцеговина,  Србија, Словенија и Црна Гора).

Најновиот филм на Милчо Манчевски својата светска премиера ја имаше во месец октомври на етаблираниот Филмски фестивал во Рим, а до крајот на годинава влезе и во селекциите на фестивалот во Тајпеј, Тајван и на филмскиот фестивал во Талин, Естонија.

## International film festival screenings and awards given to Macedonian national films, majority and minority co-productions supported by the North Macedonia Film Agency in 2019

Macedonian cinematography achieved remarkable success in 2019, especially in the field of majority co-productions and documentaries. Looking at the participation of Macedonian films at international film festivals, we can conclude that this was an exceptionally successful year, with approximately 200 film festival selections and over 60 awards. Inevitably we must mention the remarkable success of Honeyland, directed by Tamara Kotevska and Ljubomir Stefanov, which won three awards at its world premiere at Sundance International Film Festival, and has been screened at more than 50 of the most prominent film festivals around the world, scooping more than 20 awards, alongside a nomination in the 'European Documentary' category of the European Film Awards. The film is the official Macedonian submission for an Oscar.

Teona Strugar Mitevska's film, God Exists, Her Name is Petrunya, which had its world premiere in the official selection at Berlin Film Festival, was distributed in 28 countries worldwide, screening at more than 70 film festivals and winning 25 awards. The film is the recipient of the prestigious European Parliament LUX Prize.

Young Macedonian director Eleonora Veninova screened her short film The Sign at the 51st prestigious Directors' Fortnight programme (Quinzaine des Réalisateurs) within the framework of the Cannes Film Festival. Veninova's short film was one of the five films from the region made under the SEE Factory project, supported by the North Macedonia Film Agency and regional film funds (Bosnia and Herzegovina, Serbia, Slovenia and Montenegro).

Milcho Manchevski's latest film had its world premiere in October at the well-known Rome Film Festival, and by the end of the year had also entered festival selections in Taipei in Taiwan and the film festival in Tallinn, Estonia.

Gjorge Stavreski's film The Secret Ingredient, which premiered in 2017 and has since been screened at more than 50 festivals around the world, scooping numerous awards and becoming one of the most successful Macedonian productions of that year, continued its festival success, being selected at seven international film festivals in 2019.

Филмот „Исцелител“ на Ѓорче Ставрески, кој својата премиера ја имаше во 2017 година и оттогаш беше прикажан на повеќе од 50 фестивали ширум светот, освојувајќи многубројни награди, вбројувајќи се во најуспешните македонски продукции за таа година, го продолжува своето фестивалско прикажување и во 2019 година, со селекција на седум интернационални филмски фестивали.

Од филмовите со македонско малцинско учество, а кои својата премиера ја имаа во 2019 година, позначително фестивалско учество постигнаа: „Пијавици“ во режија на Драган Маринковиќ (копродукција помеѓу Србија, Хрватска и Северна Македонија) со четири фестивалски учества и три награди во 2019 година, „Полусестра“ во режија на Дамјан Козоле (копродукција помеѓу Словенија, Северна Македонија,Србија и Хрватска) со 16 фестивалски учества и со освоена една награда, „Незаборавна пролет во заборавено село“ во режија на Куштрим Бектеши (копродукција меѓу Албанија, Северна Македонија и Косово) со три фестивалски учества и со една освоена награда, „Гласот“ во режија на Огњен Свиличиќ (копродукција меѓу Хрватска, Северна Македонија и Србија) со три фестивалски учества и „Ловци на вештерки“, српско -македонска копродукција во режија на Рашко Миљковиќ, со 19 фестивалски учества и со две освоени награди.

Among the films with Macedonian minority participation that premiered in 2019 and achieved significant festival participation,  Leeches by Dragan Marinkovic (co-production between Serbia, Croatia and North Macedonia) had four festival entries and won three awards in 2019, Half-Sister by Damjan Kozole (co-production between Slovenia, North Macedonia and Serbia) had 16 festival screenings and won one award, An Unforgettable Spring in a Forgetful Village by Kustrim Bekteshi (co-production between Albania and North Macedonia) was screened at three festivals, winning one award, The Voice by Ognjen Svilicic (co-production between Croatia, North Macedonia and Croatia) had three festival screenings, while Witch Hunters, a Serbian-Macedonian co-production directed by  Rasko Miljkovic, had 19 festival entries and two awards.

15

ПОЗНАЧАЈНИ

# ПРОЕКТИ

И АКТИВНОСТИ ОД
МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР ВО
ОРГАНИЗАЦИЈА / КООРГАНИЗАЦИЈА
НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ

SIGNIFICANT

# PROJECTS

AND INITIATIVES OF INTERNATIONAL
CHARACTER ORGANIZED AND
CO-ORGANIZED BY THE NORTH
MACEDONIA FILM AGENCY



## Позначајни проекти и активности од меѓународен карактер во организација/ коорганизација на Агенцијата за филм

Во текот на 2019 година, Агенцијата за филм, врз основа на членството во меѓународните филмски организации, склучени договори и воспоставени контакти, организираше неколку настани од промотивен и од едукативен карактер за филмската дејност. Во продолжение се поважните преставувања и активности:

### МАКЕДОНСКАТА КИНЕМАТОГРАФИЈА НА БЕРЛИНСКИОТ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ И НА ЕВРОПСКИОТ ФИЛМСКИ МАРКЕТ (ФЕВРУАРИ, 2019)

***„Господ постои, нејзиното име е Петрунија“ во официјалната програма на Берлинале***

Берлинскиот филмски фестивал оваа година го имаше своето 69. издание на кое Македонија за прв пат после дваесетина години во главната програма има свој филм –„Господ постои, нејзиното име е Петрунија“, најновото остварување на режисерката Теона С. Митевска. По повод овој голем успех за македонската кинематографија, во Берлин беа организирани македонска вечера и прием (коктел-забава), кои ги посетија значајни имиња од светската филмска индустрија, а на кои присуствуваше и министерот за култура, г. Асаф Адеми.

***Организација на престојот на македонскиот учесник во проектот Shooting Stars 2019 – дел од програмата на European Film Promotion (08-12.02.2019)***

Македонскиот актер Благој Веселинов оваа година беше избран како еден од десетте најдобри млади европски актери учесници во проектот Shooting Stars 2019 – дел од програмата на Euroepean Film Promotion, предложен од страна на Агенцијата за филм, која е членка во оваа Организација.

Како дел од овој проект, десетте млади актери од Европа имаа можност да бидат јавно претставени на Берлинале – Меѓународен филмски фестивал – како ѕвезди во подем, станаа дел и од посебна платформа, која нуди единствена можност за остварување директни средби со кастинг-директори, продуценти и воопшто филмски професионалци од целиот свет. Ова е голем успех за Благој Веселинов, не

## Significant projects and initiatives of international character organized and co-organized by the North Macedonia Film Agency

In the course of 2019 the North Macedonia Film Agency organized several promotional and educational film industry events based on its membership in international film organizations, concluded contracts and established collaborations:

### MACEDONIAN CINEMATOGRAPHY AT BERLIN INTERNATIONAL FILM FESTIVAL AND EUROPEAN FILM MARKET (FEBRUARY, 2019)

***“God Exists, Her Name Is Petrunya” in the official programme of the Berlinale***

North Macedonia has a film in official competition at the 69th edition of Berlin International Film Festival, for the first time in the last 20 years- “God Exists, Her Name Is Petrunya”, the latest achievement of director Teona Strugar Mitevska. On occasion of this huge achievement of the Macedonian cinematography, the Agency organized a Macedonian dinner and a cocktail party, attended by key players of the world film industry as well as Macedonian Minister of culture, Mr. Asaf Ademi.

***Organizing the participation of the Macedonian nominee of the European Film Promotion initiative - Shooting Stars 2019 (08-12.02.2019)***

Macedonian actor Blagoj Veselinov was selected as one of the ten best young European actors in the Shooting Stars 2019 programme – an initiative of the European Film Promotion. His selection was proposed by the North Macedonia Film Agency, which is a member of the organization.

As part of this project, ten up-and-coming young acting talents from Europe had the opportunity to be introduced at the Berlin International Film Festival as shooting stars, offering them a unique opportunity to meet casting directors, producers and filmmakers from all over the world. This is an enormous recognition for Blagoj Veselinov, not only of his accomplished work thus paving the way of his international breakthrough but also a great promotion of Macedonian cinematography to the world.

само како признание на неговата досегашна работа туку и како отворање на широка врата за негова меѓународна кариера, а воедно и за Македонија кон светската кинематографија.

Неговото последно актерско остварување, улогата на Веле во филмот „Исцелител“ на Ѓорче Ставревски, е круцијално за жирито на Берлинскиот филмски фестивал да го избере за учесник во овој проект.

Во рамките на проектот Shooting Stars Македонија досега учествувала со две актерки – Лабина Митевска (1998) и со Наташа Петровиќ (2011).

### *Македонски филм на Европскиот филмски маркет*

Освен горенаведените активности, Агенцијата за филм од својот годишен буџет издвои средства за организација на маркет-проекција на најновиот македонски филм, со цел негова презентација што нуди можност за покана за прикажување на филмовите на филмски фестивали, како и можност за заинтересираност кај агенти и кај дистрибутери. Проекција на Филмскиот маркет имаше филмот „Еј!“ во режија на Васил Христов.

## УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНОТ „УМЕШНОСТА НА ДОБРИОТ ПИЧИНГ“ (23 - 24.04.2019)

Македонската канцеларија на европската програма MEDIA (МЕДИА Деск МК), во соработка со Агенцијата за филм, организираше интензивната тренинг-програма предводена од Брајан Мекгил „Умешноста на добриот пичинг: подготовка и практика“, која се одржа на 23 и на 24 април 2019 година, во рамките на 22. Скопски филмски фестивал.

Тренингот беше наменет за продуценти, режисери и за сценаристи на долгометражен филм во развој, кои имаа активни апликации за долгометражен филм во развој на првиот рок на „Конкурсот за поддршка на производство на долгометражен и на краткометражен игран, документарен и анимиран филм“, објавен од страна на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на 23.1.2019 година.

Целта на оваа активност беше да ги подготви авторите како најдобро да го презентираат (pitiching) својот проект. Учесниците во тренинг-програмата се стекнаа со конкретни вештини и со знаења за пичинг, а имаа и можност да го пичираат и својот тековен проект пред интернационалниот експерт Брајан Мекгил, кој даде свои совети и препораки за секој проект поединечно.

His latest acting performance in the role of Vele in Gjorce Stavrevski's film The Secret Ingredient was crucial in the Berlin Film Festival jury's decision to select him as a participant in this project.

The Shooting Stars programme has so far involved the participation of two Macedonian actresses: Labina Mitevska (1998) and Nataša Petrovik (2011).

***Macedonian film at European Film Market***

In addition to the above, the Agency allocated funds for organization of a market-screening of the latest Macedonian film, for the purpose of its presentation, opening possibilities for its participation at film festivals and making it available to potential agents and distributors. The European Film Market hosted the screening of Macedonian film "HEY" by Vasil Hristov.

## PARTICIPATION IN THE ORGANIZATION OF THE EVENT 'THE ART OF GOOD PITCHING' (23-24.04.2019)

Creative Europe MEDIA Desk MK, in cooperation with the North Macedonia Film Agency, organized an intensive training program led by Brian McGill on 'The Art of Good Pitching: Preparation and Practice', which took place on 23-24 April 2019 within the scope of the 22nd edition of Skopje Film Festival.

The training was intended for Macedonian producers, directors and screenwriters with active applications for feature-length films at the time of the first submission deadline of the Call for Support of the production of feature, short, documentary and animated films, announced by the North Macedonia Film Agency on January 23rd.

The goal of the training was to train and prepare the authors on how to best pitch their projects. The participants gained specific pitching skills and knowledge, and had the opportunity to pitch their project in front of international expert Brian McGill, who gave advice and recommendations for each project.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНОТ „ЕВРОПСКИ ДЕН НА МЛАДА ПУБЛИКА“ (07. 5.2019)

Агенцијата за филм, во соработка со Европската филмска академија, оваа година по петти пат го организираше настанот „Европски ден на млада публика“.

На 7 мај се одржа уникатниот паневропски настан на Европската филмска академија „Награда на младата публика“ кон кој се приклучија и стомина млади од нашата земја на возраст од 12 до 14 години.

Настанот се одржа во Кинотеката на Република Северна Македонија, каде што младите од нашата земја, заедно со повеќе од 4.000 млади од 36 земји низ Европа, беа дел од меѓународно жири кое одлучуваше за најдобриот европски филм во оваа конкуренција (номинирани филмови: “Old Boys” во режија на Тоби Мекдоналд (Велика Британија/Шведска), “Los Bando” во режија на Кристијан Ло (Норвешка/Шведска) и “Fight Girl” во режија на Јохан Тимерс (Холандија/Белгија).

Ученици од основни училишта од Скопје го сочинуваа македонското жири како дел од меѓународното жири. Настанот во текот на целиот ден преку видеоврска и во живо се пренесуваше во сите земји-учеснички, со што се создаде можност за интерактивна комуникација помеѓу сите 4.000 членови на меѓународното жири.

Настанот беше организиран од страна на Европската филмска академија и од Агенцијата за филм, во соработка со Кинотеката на Република Северна Македонија.

## ORGANIZATION OF THE EFA YOUNG AUDIENCE AWARD (07.05.2019)

For the fifth consecutive year the North Macedonia Film Agency, in cooperation with the European Film Academy, organized the Young Audience Award. A unique pan-European event of the European Film Academy, the Young Audience Award took place on May 7, bringing together 100 youths from our country aged 12-14.

The event was held at the Cinematheque of the Republic of North Macedonia, where youth from our country joined more than 4,000 young people from 36 European countries as part of an international jury that had the deciding vote and awarded the best European film (nominated films: Old Boys, directed by Toby McDonald (UK / Sweden); Los Bando, directed by Christian Lo (Norway / Sweden); and Fight Girl , directed by Johann Timmers (Netherlands / Belgium).

Students from elementary schools in Skopje comprised the Macedonian part of the international jury.

The event was streamed live throughout the day via a video link in all participating countries, creating the opportunity for interactive communication between all 4,000 members of the international jury.

The event in Skopje was organized by the European Film Academy and the North Macedonia Film Agency in cooperation with the Cinematheque of the Republic of North Macedonia.

## МАКЕДОНСКАТА КИНЕМАТОГРАФИЈА НА КАНСКИОТ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ И НА ФИЛМСКИОТ МАРКЕТ (МАЈ, 2019)

### *Македонската режисерка Елеонора Венинова, со свој краткометражен филм, дел од програмата Directors' Fortnight 2019 (Quinzaine des réalisateurs)*

Во рамките на 72. Кански филмски фестивал, на отворањето на програмата Cannes Directors' Fortnight 2019 (Quinzaine des réalisateurs) на 15 мај во Théâtre Croisette беше прикажан омнибус од пет краткометражни филмови во кои со свој филм учествуваше и македонската авторка Елеонора Венинова - со свој краткометражен филм. Филмот „THE SIGN" е еден од петте краткометражни играни филмови снимени како дел од проектот Southeast European Factory (SEE Factory), реализиран според концептот "La Factory", основан од Dominique Welinski и од Directors' Fortnight. Проектот Southeast European Factory (SEE Factory) е за соработка меѓу пет земји од регионот, меѓу кои е и Република Северна Македонија. За реализацијата на овој проект беа водени разговори со филмските центри од регионот на минатиот Кански филмски фестивал, по што кон крајот на минатата година, од страна на Агенцијата за филм, беше потпишан и договор за негова реализација. Врз основа на овој договор за реализација на Southeast European Factory (SEE Factory), пет млади автори од регионот имаа можност да работат на пет филмови реализирани од пет автори од регионот и од пет автори од светот, кои заедно работеа во двојки. Филмовите се реализирани со поддршка на филмските фондови од регионот.

По овој повод, од страна на филмските центри од петте земји, кои беа дел од овој проект, на 16 мај беше организирана и забава. На забавата присуствуваа многу значајни имиња од европската филмска индустрија.

### *Македонски филм со проекција на Филмскиот маркет во склоп на Фестивалот*

На годинашниот Филмски маркет во склоп на фестивалот се прикажа дебитантскиот долгометражен филм на режисерот Куштрим Бектеши - „Незаборавна пролет во заборавено село", со проекција на 17 мај, со почеток во 18.00 часот, во киносалата GRAY 3, организирана од Агенцијата за филм.

### *Агенцијата за филм со промотивен штанд на македонската кинематографија по деветти пат на Филмскиот маркет*

Агенцијата за филм и оваа година беше дел од павилјонот на земјите од Југоисточна Европа и се претстави на филмскиот маркет што се одржува во рамките на Канскиот филмски фестивал. Македонскиот штанд е во склоп на Филмскиот маркет на Канскиот филмски фестивал.

## MACEDONIAN CINEMATOGRAPHY AT CANNES FILM FESTIVAL AND FILM MARKET

***Macedonian director Eleonora Veninova's short film selected at Cannes Film Festival Directors' Fortnight (Quinzaine des réalisateurs) programme***

The opening of the 72nd Cannes Film Festival Directors' Fortnight 2019 (Quinzaine des réalisateurs) programme on 15 May 2019 featured an omnibus of five short films that included a film by Macedonian director Eleonora Veninova. The film The Sign is one of five short fiction films shot as part of the Southeast European Factory (SEE Factory) project realized under the concept of 'La Factory', founded by Dominique Welinski and Directors' Fortnight. Southeast European Factory (SEE Factory) is a collaboration project involving five countries in the region, including the Republic of North Macedonia.

The realization of this project was discussed between the regional film centres at last year's Cannes Film Festival, which concluded with the Agency signing an agreement for its implementation. Five young auteurs from the region joined five auteurs from the world to create five short films, realized with the support of film funds from the region.

On this occasion, the film agencies which were part of this project organized a party on May 16, attended by key figures from the European film industry.

***Macedonian film screened at Cannes Marche du Film***

"Unforgettable Spring in a Forgetful Village", a debut feature film by Kushtrim Bekteshi, had a screening at this year's Marche Du Film on May 17th at 6 p.m. at GRAY 3. The screening was organized by the North Macedonia Film Agency.

***North Macedonia Film Agency for the 9th time with a promotional stand presenting Macedonian cinematography***

North Macedonia Film Agency once again joined the South East European pavilion, with a stand at the Cannes Film Festival Marhe du Film.

## ПРИСУСТВО И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ВТОРАТА СЕСИЈА ОД ГОДИШНАТА РАБОТИЛНИЦА НА LIM LESS IS MORE – ВО РАМКИТЕ НА 18. МЕЃУНАРОДЕН ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ВО ТРАНСИЛВАНИЈА (TRANSYLVANIA INTERNATIONAL FILM FESTIVAL - TIFF) (ЈУНИ, 2019)

Во текот на 18. издание на TIFF, во програмата на Фестивалот беше прикажан македонскиот филм „Господ постои нејзиното име е Петрунија“ во режија на Теона Стругар-Митевска, додека во рамките на фестивалската програма, посветена на филмските професионалци, од Република Северна Македонија беше присутна делегација од еден претставник од Агенцијата за филм (Анита Стојческа, виш соработник за филмска дејност) и еден филмски продуцент (Гоце Кралевски, ДНФ Филмска продуцкција), како гости на втората сесија на годишната работилница LIM – Less is More.

Присуството на македонската делегација на овој филмски настан е активност во рамките на едногодишното партнерство меѓу Агенцијата за филм и Less is Moreза 2019 година.

Македонски автори селектирани како учесници во рамките на годишната работилница за 2019 година се Ѓорче Ставревски со својот нов проект, кој е во развој во делот Project Development, и Елена Станишева во делот Developing Angels. Македонските автори во текот на 2019 година ќе бидат дел од три сесии на работилницата, каде ќе имаат можност професионално да се усовршат.

## УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРВИОТ КОПРОДУКЦИСКИ ФОРУМ ЗА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ (MAKECOPRODOX) ВО РАМКИТЕ НА 10. ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА КРЕАТИВЕН ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ MAKEDOX (25 - 27.8.2019)

Во рамките на 10. издание на Македокс се одржа првиот копродукциски форум посветен на тема на копродукции во документарниот филм.

Целта на форумот беше размена на искуства, знаења и на практики за финансирање, презентација и за промоција на документарниот филм. Од оваа причина, на форумот имаше претставници од сите сегменти на дејноста, како филмски фондови (финансиска поддршка), телевизии (прикажување), продуценти (реализација) и филмски фестивали (промоција и презентација), сѐ со цел поблиска соработка на сите овие сегменти кои мора меѓусебно да соработуваат.

На форумот беа поканети регионални претставници од фондови за финансиска поддршка и од нордиските земји, продуценти на успешни документарни филмови, кои се реализирани како копродукции, меѓународни филмски фестивали за документарни филмови и телевизии.

## PARTICIPATION IN THE ORGANIZATION OF THE FIRST DOCUMENTARY FILM CO-PRODUCTION FORUM (MAKECOPRODOX) WITHIN THE FRAMEWORK OF THE 10TH EDITION OF THE MAKEDOX CREATIVE DOCUMENTARY FILM FESTIVAL (25-27.08.2019)

The first co-production forum dedicated to documentary film co-productions was held as part of the 10th MakeDox programme.

The purpose of the forum was to exchange experiences, knowledge and practices for the financing, presentation and promotion of documentary film. On this occasion, the forum invited representatives from all segments of the industry: film funds (financial support), broadcasters (screening), producers (realization) and film festivals (promotion and presentation), in order to bring these segments closer and initiate a further cooperation.

The forum was attended by representatives from the funding bodies from the region and the Nordic countries, producers of successful documentary films realized as co-productions, international film festivals for documentary films and TV broadcasters.

## ATTENDANCE AND ACTIVITIES WITHIN THE 2ND SESSION OF THE ANNUAL WORKSHOP LESS IS MORE WITHIN 18. TRANSILVANYA INTERNATIONAL FILM FESTIVAL –TIFF (JUNE, 2019)

The 18th edition of TIFF featured a screening of the Macedonian film “God Exists, Her Name Is Petrunya” by Teona Strugar Mitevska. The festival was attended by a Macedonian delegation consisting of Anita Stojcheska, a North Macedonia Film Agency representative and Goce Kralevski, producer at DNF Production, as guests at the 2nd session of the LESS IS MORE workshop.

The presence of a Macedonian delegation at this event was organized on the basis of a concluded annual partnership between the North Macedonia Film Agency and Less is More  for 2019.

Macedonian author Gjorce Stavreski was selected to participate with a project in the Project development section of the workshop, while Elena Stanisheva joined the Development angels. Macedonian authors will take part in the 3 workshop sessions, which will help them to better their skills.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА LESS IS MORE PRE-WRITING WORKSHOP ВО РАМКИ НА ИФФК „БРАЌА МАНАКИ“ (16 - 20.9.2019)

Во организација на Агенцијата за филм, во периодот од 16 до 20 септември во Битола се одржа интензивната работилница Pre-writing workshop (на програмата LESS IS MORE) во рамките на 40. издание на Фестивалот „Браќа Манаки“. Работилницата PREWRITING WORKSHOP во Македонија се одржа врз основа на воспоставеното едногодишно партнерство на Агенцијата за филм и Le Groupe Ouest, која е основач на Европската програма за развој на долгометражен игран филм LESS IS MORE.

Целта на работилницата беше да се приберат идеите за филмови од сите учесници, зајакнувајќи и усмерувајќи ги да склопат силни проекти за идни филмови уште пред да влезат во процес на развој, стекнувајќи се со знаења и за тоа како буџетските ограничувања можат да предизвикаат креативност.

Учесници на работилницата: Ева Камчева (МК), Марко Ѓоковиќ (МК), Трифун Ситниковски (МК), Јаков Попоски (МК), Душан Ефремов (МК), Стефан Марковски (МК), Уна Радиќ (ХР), Миха Субиќ (СЛО) и Ана Вујадиновиќ (ЦГ)

## ORGANIZATION OF THE ‘LESS IS MORE’ PRE-WRITING WORKSHOP AS PART OF THE MANAKI BROTHERS INTERNATIONAL CINEMATOGRAPHERS’ FILM FESTIVAL (16-20.09.2019)

An intensive pre-writing workshop was held in Bitola as part of the ‘Less Is More’ programme in the period September 16-20 within the framework of the 40th Manaki Brothers Festival organised by the North Macedonia Film Agency. The pre-writing workshop was held as part of established one-year partnership between the North Macedonia Film Agency and Le Groupe Ouest, which is the founder of the European ‘Less is More’ programme for the development of feature films.

The goal of the workshop was to gather ideas for films from all participants, supporting and guiding them in how to make great future film projects even before they enter the process of development, gaining knowledge of how budget constraints may cause creativity.

Workshop participants: Eva Kamcheva (MK), Marko Gjokovic (MK), Trifun Sitnikovski (MK), Jakov Poposki (MK), Dushan Efremov (MK), Stefan Markovski (MK), Una Radic (CRO), Miha Subic (SLO) and Ana Vujadinovic (ME).

6

# ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ ЗА ПОДДРШКА И ПОДДРЖАНИ ПРОЕКТИ

# EUROPEAN FUNDS FOR SUPPORT AND SUPPORTED PROJECTS

# ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ ЗА ПОДДРШКА И ПОДДРЖАНИ ПРОЕКТИ

## ЕУРИМАЖ

Еуроимаж е фонд за поддршка на проекти од областа на културата на Советот на Европа. Основан е во 1989 година и брои 38 од 47 земји-членки на Организацијата со седиште во Стразбур, а Аргентина и Канада како придружни членки.

Северна Македонија е член на Еуримаж од 2003 година и оттогаш македонските професионалци можат да аплицираат и да ги користат финансиските средства од овој фонд

Во период од 2009 до 2019 година, од страна на Еуримаж се поддржани вкупно 21 филмски проект, односно 50 проценти од вкупно пријавените проекти, што во просек изнесува 2,1 проекти на годишно ниво (вклучувајќи ги македонските мнозински и малцински копродукции).

Национален претставник во овој фонд, почнувајќи од 2017 година, е Татјана Ќурчинска-Пепељугоска.

## КРЕАТИВНА ЕВРОПА МЕДИА

Креативна Европа МЕДИА е програма на Европската унија која финансиски поддржува развој, дистрибуција и промоција на европскиот филм и на аудиовизуелните индустрии.

Северна Македонија во 2016 година стана дел од Програмата МЕДИА и оттогаш македонските професионалци можат да аплицираат и да ги користат финансиските средства. МЕДИА Деск МК, како претставник на програмата функционира во рамките на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија со цел да ги информира, советува, поддржува и едуцира потенцијалните учесници од нашата земја.

Во текот на 2019 година од страна на програмата Креативна Европа МЕДИА, поддржани се вкупно пет проекти во три различни шеми на финансирање, со вкупна поддршка од 21.762.821 денари.

Раководител на МЕДИА Деск МК, почнувајќи од 2018 година. е Бистра Георгиева.

# EUROPEAN FUNDS FOR SUPPORT AND SUPPORTED PROJECTS

## EURIMAGES

Eurimages is a Council of Europe fund for cultural support. Established in 1989, it includes 38 of the 47 member states of the Strasbourg-based organisation, with Argentina and Canada as associate members.

North Macedonia joined Eurimages in 2003 and Macedonian professionals now have access to apply for these funds. Tatjana Kjurchinska Pepeljugoska has been the Macedonian national representative to the Eurimages fund since 2017.

In the 2009–2019 period, Eurimages has supported 21 Macedonian film projects, or 50% of the total submitted projects, i.e. 2.1 projects per year (including Macedonian majority and minority co-productions).

## CREATIVE EUROPE MEDIA

Creative Europe MEDIA is a EU programme that financially supports the development, distribution and promotion of the European film and audiovisual industries.

North Macedonia became part of the MEDIA programme in 2016 and the programme and its funds are now accessible for Macedonian professionals to apply. MEDIA Desk MK operates within the North Macedonia Film Agency in order to inform, advise, support and educate potential applicants from our country.

In 2019, the Creative Europe MEDIA programme supported a total of five projects in three different funding schemes with a total support of 21,762,821 MKD.

Bistra Georgieva holds the function as a Head of MEDIA Desk MK from 2018.

### 1. Повик: поддршка за фестивали

| Име на фестивал | Вид на феситвал | Износ на поддршка (МКД) | Износ на поддршка (ЕУР) |
|---|---|---|---|
| 1.1. „ИФФК Браќа Манаки" | Интернационален фестивал на филмска камера | 2.152.500 | 35.000 |
| 1.2. „Македокс" | Фестивал на креативен документарен филм | 1.660.500 | 27.000 |
| **Вкупно:** | | **3.813.000** | **62.000** |

### 2. Повик: промоција на европските аудиовизуелни дела - онлајн

| Име на проект | Име на организација | Износ на поддршка (МКД) | Износ на поддршка (ЕУР) |
|---|---|---|---|
| 2.1. Синесквер | Компанија за филмска продукција и за дистрибуција Катавеј | 16.605.000 | 270.000 |
| 2.2. Европски филмски предизвик 19/20 | Блинк 42-21* (партнерска организација) | 909.462 | 14.788 |
| **Вкупно:** | | **17.514.462** | **284.788** |

### 3. Повик: автоматска дистрибуција

| Име на проект | Име на организација | Износ на поддршка (МКД) | Износ на поддршка (ЕУР) |
|---|---|---|---|
| 3.1. Generation and reinvestment | Компанија за филмска продукција и за дистрибуција Катавеј | 435.359 | 7.079 |
| **Вкупно:** | | **435.359** | **7.079** |

## 1. Call for: festival support

| Festival | Type of festival | Amount of support (in MKD) | Amount of support (in EUR) |
|---|---|---|---|
| 1.1. Manaki Brothers | International Cinematographers' Film Festival | 2,152,500 | 35,000 |
| 1.2. MakeDox | Festival of Creative Documentary Film | 1,660,500 | 27,000 |
| **Total:** | | **3,813,000** | **62,000** |

## 2. Call for: Promotion of European audiovisual works online

| Project title | Organization | Amount of support (in MKD) | Amount of support (in EUR) |
|---|---|---|---|
| 2.1.Cinesquare | Cutaway | 16,605,000 | 270,000 |
| 2.2. European Film Challenge 19/20 | Blink 42-21* (partner organization) | 909,462 | 14,788 |
| **Total:** | | **17,514,462** | **284,788** |

## 3. Call for: automatic distribution

| Project title | Organization | Amount of support (in MKD) | Amount of support (in EUR) |
|---|---|---|---|
| 3.1. Generation and reinvestment | Cutaway | 435,359 | 7,079 |
| **Total:** | | **435,359** | **7,079** |

# Креативна Европа МЕДИА

Creative Europe MEDIA

Финансиска поддршка за развој, дистрибуција и промоција на европскиот филм и аудиовизуелните индустрии

**Повеќе информации во МЕДИА Деск МК**

www.media.ced.mk   02 322 4100   Creative Europe Desk MEDIA MK

Агенција за филм на Република Северна Македонија
Ул. 8 Март бр.4
1000 Скопје, Македонија

Агенција за филм на Република Северна Македонија
Agjencia për film e Republikës së Maqedonisë së Veriut